**До Одделението за општествени науки**
**на Македонската академија на науките и уметостите**

## Рецензија за избор на проф. д-р Гордана Лажетиќ за дописен член на МАНУ во Одделението за општествени науки

**Биографски податоци**

Проф. д-р Гордана Лажетиќ е родена на 22 јуни 1971 година во Скопје. Дипломирала на Правниот факултет во Скопје во 1993 година, со среден успех 9,50, како втор студент во својата генерација. На истиот факултет, во 1998 година, успешно го одбранила магистерскиот труд од областа на казненото процесно право под наслов „Судење во разумен рок", здобивајќи се со научниот степен магистер на кривичноправните науки. Едновремено, во периодот 1994/96 година, била судски приправник во Основниот суд Скопје I Скопје, во Окружниот суд во Скопје и во Врховниот суд, здобивајќи се со условот за полагање правосуден испит. Од 1995 година била ангажирана како демонстратор на Институтот по казнено право и криминологија на Правниот факултет во Скопје. По студискиот престој на Институтот „Макс Планк" за странско и меѓународно кривично право во Фрајбург ин Брајзгау, Германија, во 2001 година на Правниот факултет во Скопје ја одбранила докторската теза под наслов „Алтернативи за затворот" и се здобила со научен степен доктор на кривичноправните науки. Во 2003 година е избрана за доцент на научната област казнено процесно право на Правниот факултет во Скопје, а во 2007 година за вонреден професор на истата област. Од 2008 до 2014 година је вршела должноста продекан на Факултетот. Во 2012 година е избрана за редовен професор на Правниот факултет, а во 2017 година реизбрана во звањето редовен професор. По акредитирање на докторските студии од областа на правните науки, проф. Лажетиќ е меѓу првите наставници акредитирани за ментор на докторските студии од полето на правните науки во 2011 година и реакредитирана во 2015 година. Во период од 2016 – 2020 година, проф. Лажетиќ е член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2021 година е избрана за раководител на Институтот за казнено право и криминологија на Правниот факултет во Скопје, а реизбрана е на истата функција во 2024 година со мандат до 2027 година. Во април 2025 година, проф. Лажетиќ е избрана од страна на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за лице одговорно за прием на пријави за корупција.

Во јуни 2021 година, проф. Лажетиќ по предлог на Интеруниверзитетската конференција е избрана за член на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Во периодот јуни 2023 – јуни 2025 година, проф. Лажетиќ е претседател на Националниот совет.

## I. Научноистражувачка и научно-апликативна (применета) дејност

### 1. Објавени монографии, учебници, прирачници и други посебни изданија.

Проф. Лажетиќ има остварено импресивен научен опус кој опфаќа 12 научни публикации во списанија со фактор на влијание, 61 монографија, учебници, прирачници и други посебни изданија (од кои некои и на англиски јазик), како и 14 поглавја во книги, објавени на англиски јазик од реномирани издавачи – Duncker & Humblot, Springer, Routledge, Forum Verlag Godesberg, Lexington Books, Giappichelli (од кои три книги се во печат, в. преглед во приложената Бибиографија на објавени трудови). Меѓу објавените книги, посебно може да се издвојат теоретските трудови од областа на казненото материјално право, казненото процесно право, европското казнено право, антикорупциското право, судското право, правдата за деца, ресторативната правда, меѓународното казнено право, криминологијата, пенологијата и виктимологијата (**книгите под бр. 1, 6, 7, 11, 12, 16, 17, 19, 20, 38 и 61**). Дел од нив се објавени во коавторство со други автори, што ја изразува подготвеноста на проф. Лажетиќ за колективна работа и соработка, којашто денес е неопходен услов за успешно остварување на научноистражувачката дејност. Објавените трудови презентираат широк дијапазон на научен интерес, што ги опфаќа не само базичните постулати на правото и принципите на кои е втемелена казненоправната догматика, туку и вкупноста на општествени, политички и други фактори што влијаат врз казненоправната реакција на најчувствителните проблеми на современото општество, какви што се криминалот, корупцијата, злоупотребите на власта, човековите слободи и права, детската правда, квалитетот и исправноста на законите според критериумот на правдата и независноста на судот како јавна служба на правдата и гарант за човековите слободи и права. Низ оваа мошне комплексна материја, која се смета за „виша математика" на правото, но и на рационалниот пристап кон главните проблеми со кои се соочува соврменетото општество, проф. Лажетиќ се движи потполно суверено, со огромен багаж на знаења и совест на научник кој доследно трага по вистината и секогаш е на фронтот на одбрана на правото како автопоетичен систем пред вехементните налети на политиката. Во нејзините теоретски расправи доминира објективниот критички однос кон оние криминално-политички концепти, државни стратегии и закони коишто инклимираат од идејата на правдата како водечка идеја на правото и од концептот на универзалните природни човекови слободи и права, како единствен критериум за оценување на нивната исправност што треба да натежнува во однос на кои било други политички или слични аргументи.

Комплексноста на научниот придонес на проф. Лажетиќ кон широкото подрачје на истражување, кое завлегува во најчувствителнте сфери на положбата на човекот во општеството, детерминирана со правните гаранции за неговата слобода и почитување на човековото достоинство, е изразена низ нејзината доследна приврзаност на тезата дека правото не е само систем од законски норми, туку и жива практика на неговата примена од страна на јавните институции, олицетворена и низ праведни судски одлуки, интегрално легитимирани со постулатот на човековите природни права и начелата на правда, еднаквост, правна сигурност и ефективност. Оттука, правно-институционалниот аспект на функционирањето на системот на казнена правда, како јадро на темелниот принцип на владеење на правото, е битна компонента на нејзиниот мошне значаен научен прилог кон македонската правна мисла, изразен како крајно ангажиран и одговорен приод кон создавање и зајакнување на институционалната структура што може да ги носи промените

и развојот на македонското општество кон неговите јасно определени цели, фокусирани на евроинтеграцијата и адоптирањето на европските вредности. На таа линија се научните коментари (како коавтор) на двата системски закони: Законот за кривична постапка, кој е „устав на човековите слободи и права“, и Законот за правда за децата, со кој е воспоставен посебен систем на превентивни механизми за справувањето со престапништвото кај децата и решавањето на проблемите на нивниот развој и заштита од секакво насилство (**наведени под бр. 25 и 26 од Библиографијата во прилог**). Она што им дава посебна вредност на овие коментари е фактот дека се работи за темелни закони во чиешто подготвување проф. Лажетиќ учествувала и натаму учествува (во моментов претседава со бројната комисија која петта година по ред работела и, конечно, подготвила нов Закон за кривичната постака). Волуминозните коментари на овие закони ги обединуваат теоретската мисла, херменевтичката вештина во толкувањето на нивните одредби и критичката анализа на судските одлуки во нивната примена, и претставуваат незаменлив придонес за формирањето исправни ставови на судовите и другите органи низ чиешто постапување законите добиваат целосна смисла. На истата линија на остварување научен придонес кон подигање на капацитетите на судовите и другите институции во примената на законите се другите посебни публикации што имаат карактер на прирачници, насоки и сл. (**под бр. 2, 5, 8, 9, 10, 13, 14, 27, 28, 52, 55 и 56 од Библиографијата во прилог**). Најголемиот број од нив се подготвени во рамките на програмите на меѓународни организации (ОБСЕ, УНИЦЕФ, ИОМ, програми на ЕУ) и странски амбасади (САД, Велика Британија и др.), со цел поддршка на процесот на евроинтеграција на македонскиот правен систем низ подигање на капацитетите на судските и другите институции и примена на европските стандарди и најдобри практики на примена на правото и заштита на човековите слободи и права.

Пописот на посебни публикации опфаќа стратегии, функционални анализи на судски и други институции, компаративни анализи на правни институти, курикулуми за обука и други публикации (**под бр. 3, 4, 15, 18, 21, 22, 23, 24, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 53, 54, 57, 58, 59 и 60 од Библиографијата во прилог**). Овие публикации, кои имаат научно-апликативен карактер, покриваат широко подрачје на концептуализација на системот на казнена правда (стратегии, програми) и мониторирање и евалуација на неговото функционирање (анализи, национални извештаи), што има за цел негово унапредување и хармонизација со правото на ЕУ. Тие го претставуваат научниот ангажман на кандидатот не само како академски, теоретски потфат, туку и како константна аспирација највисоките правни знаења да се преточат во жива практика и правна стварност. На полето на општествените науки, посебно правната наука која има свој цврст догматски костур, таквата ориентација на научникот подразбира преземање на одговорност за исправноста на сопствените научни концепти, од што проф. Лажетиќ никогаш не бега и е подготвена доследно да се залага за нивно оживотворување низ конкретни активности на директно влијание врз областа на нејзиниот научен интерес, без компромиси и политичка, идеолошка или слична коректност и со постојана подготвеност за прифаќање на аргументирани спротивставени стојалишта.

**2. Статии објавени во домашни и странски списанија.**

Проф. Лажетиќ има објавено вкупно 137 статии, од кои 12 во списанија со фактор на влијание (Web of Science, SCImago Journal Rank, CEON Web of Science Impact Factor), 34 статии во странски списанија и 91 статија во домашни списанија и зборници со меѓународен уредувачки одбор. Дел од трудовите се објавени во електронското списание што го издава Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, "Iustunianus Primus Law Review" со меѓународен уредувачки одбор (вкупно 7 статии) и во Македонската ревија за казнено право и криминологија како најстаро списание од областа на казненото право со меѓународен уредувачки одбор, обете индексирани во EBSCO и HEINONLINE (вкупно 23 статии). Од широкиот дијапазон на теми елаборирани во објавените научни прилози, може да се извлече најпрвин констатацијата дека проф. Лажетиќ поседува извонредна научна љубопитност, којашто е одлика на вистинскиот научник, во фокусот на научниот интерес да внесува постојано нови проблеми и прашања кои налагаат научен третман и одговор. Широката област на владеењето на правото и функционирањето на казненото право како нејзино централно прашање природно го трансендираат нејзиниот интерес кон сите релевантни општествени детерминанти и предизвици на современото право и на македонскиот правен систем во услови на транзиција на македонското општество кон заедница засована врз правото низ процесот на неговата евроинтеграција. Оттука, нејзините статии, посветени на бројни теоретски и практични проблеми, претставуваат делови од мозаикот кој постојано се надградува, поминувајќи ги граиците на потесното правно подрачје и завлегувајќи во дискурс и за прашања кои имаат меѓународна, политичка или поширока социјална димензија. Во нејзиниот научниот пристап може да се забележи научната ригорозност во примената на строгите методи на правната догматика, во одредувањето на длабичината на научната обработка на избраните теми и сведување на дескриптивниот пристап на нужна мера, доволна за развивање на аргументиран и критички пристап неопходен за изведување на научно издржани судови. Проф. Лажетиќ има објавено и доволен број трудови во странски списанија со фактор на влијание, како и во други списанија, но од целокупната нејзина научна продуција јасно може да се изведе заклучокот дека таа се издигнала над денес модерниот порив кон научен ларпулрартизам и објавува трудови кога чувствува потреба да даде свој придонес кон развојот на правната мисла или кон решањето на некој значаен општествен проблем

**3. Раководење и учество во научноистражувачки проекти.**

Особено е значаен придонесот на кандидатката во сферата на научноистражувачката дејност. Проф. Лажетиќ учествувала во повеќе од 150 активности во различни својства: раководител, координатор, национален експерт и истражувач, при што може да се забележи дека голем бројот од проектите биле поддржани од Европската Унија, Советот на Европа, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, UNICEF, UNDP, UNODC, UNHCR, Германската фондација за меѓународна соработка (GIZ), Global Initiative Against Transnational Organized Crime, Амбасадата на САД, Британската амбасада и Амбасадата на Кралството Холандија. Особено е значајно нејзиното учество во неколку ЕУ-проекти и ЕУ-програми: HERCUL III, ERASMUS, TEMPUS, IPA, EuropeAID, TAIEX и INTERREG EUROPE (в. поширока листа на проектите во приложената Библиографија). Нејзината активност на меѓународен план придонела проф. Лажетиќ да биде етаблирана како

експерт од казнената област во Советот на Европа. Нејзината соработка со Институтот „Макс Планк“ за странско и меѓународно казнено право во Фрајбург, Германија, започнала во 2000 година и континуирано продолжила во изминатите години, при што се остварени три студиски престои (2000, 2003, 2016), проф. Лажетиќ е дел од истражувачката група на Balkan Criminology Network како дел од Network of the Max Planck Partner Group for Balkan Criminology. Значаен е нејзиниот придонес за потпишување на трипартитниот договор за соработка помеѓу Институтот „Макс Планк“, Правниот факултет во Загреб и Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во 2015 година. Од проектите со кои раководела и раководи, според нивното значење како бележит научен прилог кон реформите на македонскиот правен и судски систем се издвојуваат: "Eliminating the obstacles for practical implementation of conditional sentence with protective supervision" (as Macedonian kind of probation), финансиран од Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија, февруари – јули 2002; Trial monitoring network "All for Fair Trials", носители: ОБСЕ, Правен факултет Скопје и невладини организации од Македонија; (координатор) The Triangle: Three Universities responding to ethnic divides, носители: CARE-International и Institute of Social Studies од Хаг, Холандија, период јули 2003 – јули 2004; (национален експерт) Restorative Justice in Penal Matters in Europe, national expert, funded by the European Commission's Specific Program "Criminal Justice 2007-2013", July 2011 – July 2013; (координатор) International Survey on Crime and Justice for University Students, Faculty of Criminal Justice and Security, University of Maribor, Slovenia, 2012 – 2013; National Consultant for development of a policy recommendation on training and educational opportunities in penitentiary-correctional institutions, UNDP, July-September 2019; National consultant, Assessment of the asset recovery legal framework, Combating Illicit Financial Flows in the Western Balkans, Global Programme in the GIZ Section Governance, Human Rights, GIZ , The Norwegian Ministry of Foreign Affairs & German Federal Ministry for Economic Cooperation and Development (BMZ), July – December 2020; (домашен консултант) National Strategy for strengthening financial investigations and asset recovery for 2021-2023 and developing specific action plans, GIZ, 2021.

Значајно е и нејзиното учество во други проекти, како што се: Research on the effectiveness of the adversarial system of criminal procedure in North Macedonia to support the Ministry of Justice's efforts to improve laws and fight delayed justice, Federal Assistance Award – Individual, Bureau of International Narcotics and Law Enforcement Affairs INL/EX/GAPP, U.S. Department of State, Project: Nordic Support for Progress of North Macedonia, Department/office: ECR, RSMCO, Skopje, July-September 2021; Drafting of the National Strategy and Action Plan for the Development of the Penitentiary system for the period 2020-2024, HF Action "Enhancing the capacities of the penitentiary system and the external oversight mechanism in North Macedonia", 2019-2021; Linking prison statistics to the criminal justice system, LINCS project, Council of Europe, Strasbourg, 2018; Research on judicial practice/position/treatment of human trafficking victims in criminal judicial proceedings and civil proceedings for compensation, EU/CoE Horizontal Facility II Action on Preventing and Combating Trafficking in Human Beings in North Macedonia, PMM 2196 "Preventing and Combating Trafficking in Human Beings in North Macedonia" BH 4682; "The role of the judge in the implementation of the criminal sanctions", кофинансиран од Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија, 2002; "Police and Human Rights", заеднички проект на ОБСЕ, Министерството за внатрешни работи на РМ и Хелсиншкиот комитет за човекови права во Скопје, 2003; Tempus project JEP_17013-2002, Continuing

Education in European Affairs: Establishing of European Integration Training Centre, 2003-2005; Technical Assistance to support the creation of a Training institute for the judiciary", финансиран од ЕУ, а менаџиран преку Европската агенција за реконструкција, 2005; Education system in forensic science for the Republic of Macedonia, Tempus project, CD_JEP - 41105-2006 MK.

Советот на Европа ја има потврдено експертизата на кандидатката преку склучување на два договора за повеќегодишен експертски ангажман на проектите: Preventing and Combating Trafficking in Human Beings in North Macedonia, Council of Europe, HF 29, BH4682/2019/3; Penitentiary, police, probation, psychiatric and social care institutions and project evaluation, Council of Europe, Criminal law and cooperation unit, 2019/AO/36.

Во рамките на научноистражувачките активности во нашата држава, проф. Лажетиќ била главен истражувач или учесник во повеќе од 50 проекти, дел од нив поддржани од странски институции, од кои посебно може да се издвојат: мегапроектот „Евроинтеграција на правниот, политичкиот и општествениот систем во Република Македонија“ на Правниот факултет во Скопје, при што е и еден од уредниците на публикацијата Forum Europaeum; Улогата на заедницата во замена на казната затвор, коалиција Сите за правично судење, Институт за трајни заедници (ИТЗ), СППМД, Скопје, 2007; Малолетничка правда – од книга кон пракса, СППМД, ОБСЕ и УНИЦЕФ, јуни – октомври 2007; Капацитетите за добро владеење во судството, ФИООМ, 2007; Новиот закон за кривичната постапка на РМ, CARDS 2005 Twinning Project "Fight Against Organised Crime and Corruption Unit Public Prosecutor's Office", Скопје, 2009; Реформа на казненото право и почитување на човековите права – подготовки за доследна примена на новиот ЗКП, ФИООМ и ЗКПКРМ, 2009; National institutional consultancy for a comparative review of the Macedonian legislation and the Convention on the Rights of the Child, UNICEF, 2009; Медијација во системот на малолетничката правда, УНИЦЕФ и Центар за човекови права и разрешување на конфликтите во партнерство со Комората за медијатори на РМ, јуни – ноември, 2010; Macedonia's accession to the European Union: Facing the Challenges in the Area of Judicial Cooperation under the chapter 24, Expert on Judicial Cooperation in Criminal Matters, May-July, 2013, The Association for Development Initiatives – Zenith & Ministry for justice of the Republic of Macedonia; Изготвување на насоки за казнената политика и основни стандарди за практична примена на спогодувањето, Мисија на ОБСЕ во Скопје, Здружение на судиите на Република Македонија, мај – декември 2013; Регулирање и унапредување на судската власт и правораздавањето во Македонија и во Бугарија, МАНУ и БАН, 2015 – 2016 година; Ризик-фактори за рецидивизам кај децата заради подобра превенција на детското престапништво, проект поддржан од Државниот совет за превенција на детско престапништво, Министерство за правда на РМ, јуни – декември 2015; Commentary of the LCP – Phase 1 (Activity 2.3.), RoLU/JR, OSCE, Skopje, May-December 2015; "Unjust Detention – Legal and Budgetary Implications", Здружение за заштита на човековите права и слободи „Сведок“, поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија; Развивање на индикатори за мониторинг на перформансите на правосудството, поддржан од Британската амбасада во Скопје, Скопје, 2016; Програма „Подобрување на правдата во Македонија преку градење на капацитети за судии и мониторирање на судски реформи“ финансирана од Британската амбасада во Скопје, Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА) 2016; Ефектите од примената на Законот за одмерување на видот и висината на казната во судската практика на основните судови во Тетово,

Велес, Кочани и Кавадарци, во рамките на Мрежа 23 – Судство и човекови права, ЕПИ (European Policy Institute), Skopje, 2016-2017; Challenging discrimination – promoting equality in judiciary, OSF RIO, ЦПИА, декември 2016 – март 2017; Develop data collection and monitoring system for Ombudsman and CSOs on violence against children, Open Gate – LaStrada, Скопје, јануари – ноември 2017; Промоција на толеранција и недискриминација, ОБСЕ Скопје и Македонско пенолошко друштво, 2018; Design of a performance indicator matrix for the Public Prosecutor's Office, PwC Macedonia and Center for Legal Research and Analysis, June 2018 —March 2019; Креирање на матрица за мониторинг на перформансите на јавното обвинителство, имплементиран од ЦПИА, финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје, 2019; Developing Practical Tool Kit concerning the principle of non-punishment of THB victims, Project: Strengthening Social Cohesion in the Country, OBSE Mission to Skopje, March – June 2019; Justice for children in context of antiterrorism, Promoting of the Neuchatel Memorandum on Juvenile Justice Offender in the context of the fight against terrorism at the Global Anti-Terrorism Forum (GTFC), SPPMD, April – May 2019; „Заедничка заложба за подобри достигнувања во судството", Финансиран од ЕУ преку Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии на Република Северна Македонија, партнери: Институт за човекови права и Центар за правни истражувања и анализи, 2019 – 2021; Increased effectiveness and efficiency of justice delivery in the Republic of North Macedonia through the improved performance of justice sector institutions, (financed by the UK aid from the UK government and supported by the British Embassy Skopje), CPIA, PwC, ESE, June 2019 – March 2020; Monitor the functioning of the complaints mechanism in prisons, OSCE Skopje and The Macedonian Society of Penology, July-September 2019; Поддршка на Судскиот совет во воспоставување на квалитетен систем за оцена на судиите, Центар за правни истражувања и анализи, поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија, ноември 2019 – ноември 2020; Елиминација на мачењето и нечовечкото постапување во затворите и установите за лишување од слобода, Тренинг-курикулум и обука за адвокати, Македонското здружение на млади правници и ЕУ-програма EuropeAID/163963/DD/ACT/MK; National expert-drafter author to write the University Textbook on Anticorruption Law, Project: Support North Macedonia in advancing Rule of Law and Human Rights (Project No. 2600965, Activity 1.6), Human Dimension Department, Rule of Law and Human Rights Unit, OSCE Mission to Skopje, 2020; National consultant to deliver training on non-punishment of THB victims, Project: "Coherent and cross-dimensional response against trafficking in human beings", Human Dimension Department, Rule of Law and Human Rights Unit, OSCE Mission to Skopje, 01 May – 30 November 2020; National Lecturer - Support North Macedonia in advancing Rule of Law and Human Rights, No.: 2600965, Human Dimension Department, Rule of Law and Human Rights Unit, OSCE Mission to Skopje, 2020; Member of the Advisory Group, Developing a project proposal "EU for juvenile and child-friendly justice", as part of the European Union Commission Annual Action Programme for the Republic of North Macedonia for the year 2020, UNICEF Skopje, May, 2020; Превенција на детско престапништво, координатор на проектот, Македонско пенолошко друштво, грант: Цивика Мобилитас, акциски грантови, реф. бр. ЦМ-АКТ-05, јули 2020 – јануари 2021; Strengthening the process of rehabilitation and reintegration of children in the system of justice for children, Expert, Council for Prevention of Juvenile Delinquency – SPPMD, UNICEF, Skopje, 2020; Capacity Building for Protection of Children's Rights in the Digital World, во рамките на Проектот на OSCE (2600965) "Support North

Macedonia in advancing Rule of Law and Human Rights", Council for Prevention Against Juvenile Delinquency (SPPMD), август – ноември 2020; Воспоставување ефикасна и ефективна еколошка правда, дел од програмата Good Governance Fund, финансиран од UK Aid преку Владата на Обединетото Кралство, ЦПИА, Скопје, јануари 2021 година; Вградување на аналитички и мониторинг-алатки за поддршка на реформите во правосудството во Северна Македонија, финансирани од Британската амбасада во Скопје, спроведен од ЦПИА, јануари – април, 2021 година; The development of a Paper containing proposals for Draft-Amendments on the Criminal Proceedings Law, PMM 2196 "Preventing and Combating Trafficking in Human Beings in North Macedonia" BH 4682, CoE Programme Office in Skopje, June 2021; Support, prevention and protection of children within the juvenile justice system, SPPMD and UNICEF, Skopje, 2021 – 2022; коавтор на капиталниот проект со УНИЦЕФ, изработка на Коментарот на Законот за правдата за деца со практикум, објавен во 2018 година.

Од анализата на импресивната проектна научноистражувачка дејност на проф. Лажетиќ може да се извлече заклучок дека таа има воспоставно мошне широка комуникација со научниот свет дома и надвор и дека низ соработката со бројни институции и експерти во правната сфера ги довела и изразила до највисоко научно рамниште своите способности да придвижи, раководи или соработува во реализацијата на научноистражувачки проекти кои имаат не само теоретска, туку и извонредно значајна апликативна димензија. Тие ја потврдуваат нејзината неспорна позиција на една од нашите водечки научнички во полето на правната наука, на чиишто способности, знаења и посветеност кон научната работа се потпира или би требало да се потпира креирањето на политиките во правната сфера, владеењето на правото и заштитата на човековите права во општество засновано врз знаења. Потврда за нејзината активна улога и ангажираност во реформата на македонскиот правен систем и етаблирањето на начелото на владеење на правото, врз доследен научен пристап и политики засновани врз научни сознанија и аргументи, претставува посебно нејзиното учество во конципирањето и спроведувањето на реформите на судскиот систем, дигитализацијата во судството и изготвувањето на законите во оваа област.

Во текот на последните две декади, проф. Лажетиќ учествува во повеќе програмски активности на Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев" при МАНУ. Таков е заедничкиот проект со БАН 2013 – 2015 година посветен на регулирањето и унапредувањето на судската власт и правораздавањето во Македонија и во Бугарија, МАНУ и БАН во рамките на којшто објавувила свои трудови во повеќе зборници од проектот „Хармонизација на правниот систем на Република Македонија со правото на ЕУ". Исто така, учествувала во прилогот за правните аспекти на прогласувањто на вонредната состојба во зборникот на МАНУ од 2021 година посветен на справување со пандемијата на ковид-19. Таа е еден од основоположниците на Охридска школа на природното право при ЦСИ „Ксенте Богоев" при МАНУ, каде што е член на Меѓународниот програмски борд и член на Организицискиот одбор на зборниците на Охридската школа – Societas et scientia и со свои трудови и предавања учествува на сите од нив (вкупно 9). Проф. Лажетиќ била избрана за член на Етичкиот поткомитет за општествени науки при МАНУ за период 2021 – 2025. Учествувала со свои трудови и на научни и стручни расправи организирани во МАНУ на теми од областа на прекршоците, конфискацијата на имотот, психијатријата и третманот на лицата со душевни пречки, како и во активностите во однос на еколошката платформа со изработка на анализи и

документи за политики во оваа област заради дефинирање и разграничување на правните области каде што може да се оствари судска заштита на уставното право на здрава животна средина.

Проф. Лажетиќ била во два мандата претседател на мошне активното научно и стручно Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, кое има меѓународен уредувачки одбор и издава свое годишно списание (Македонска ревија за казнено право и криминологија) и е еден од иницијаторите за основање на Македонското пенолошко друштво во 2018 година како научно и стручно здружение со цел да дава придонес во унапредување на системот за извршување на сакциите.

Проф. Лажетиќ остварува долгогодишна активна соработка со Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје, започната во 2003 година, кога била назначена за претставник на Република Македонија во Комитетот на експерти за заштита на сведоци и соработници на правдата (*pentiti*), (PC-PW). Таа е вклучена во проектните активности на ГИЗ во Македонија (германска фондација за меѓународна соработка), особено интензивно во периодот во текот на 2020 и 2021 година во рамките на GIZ Global Programme of Combating Illicit Financial Flows и како национален експерт за изготвување на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021 – 2023 година со Акциски план, мај 2021. Соработува со ОБСЕ во изминатите 15-ина години на правни анализи, обуки и стручни расправи во однос на примената на мерката притвор, казнената политика, неказнувањето на жртвите на трговија со луѓе, изработка на новиот Закон за кривичната постапка, Коментарот на ЗКП, подготовка на универзитетскиот учебник за Антикорупциско право, како и изработка на измените на ЗКП во тековната 2021 година. Со цел да се развијат правни клиники на Правниот факултет, проф. Лажетиќ остварила студиски престој на Northwestern University во Чикаго, САД, во 2015 година и како резултат на оваа посета е коорганизатор на проектот за воспоставување Правна клиника по казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Скопје. Воедно, проф. Лажетиќ е еден од иницијаторите за отворањето на Правната клиника за антикорупција на Правниот факутет „Јустинијан Први“ во Скопје, финансиски поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Проф. Лажетиќ во континуитет соработува во проектните програми на Делегацијата на ЕУ во Скопје, почнувајќи од 2002 година во својство на раководител на проектот "Eliminating the obstacles for practical implementation of conditional sentence with protective supervision" (as Macedonian kind of probation). Во периодот 2019 – 2021 година, проф. Лажетиќ е автор на поглавјето за Правата на децата во рамките на извештајот што го објавува Агенцијата на ЕУ за фундаментални права (Franet National contribution to the Fundamental Rights Report, EU Agency for fundamental rights). Во 2021 година, таа станува дел од Советодавниот одбор на Компонента 4 на Проектот на ЕУ во однос на правата на децата којштo треба да се имплементира во следните пет години. Следејќи ја кризната состојба предизвикана со пандемијата на ковид-19, проф. Лажетиќ, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, е коавтор на Алатката за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет, објавена на македонски и на албански јазик, како и на правната анализа Употребата на напредните електронски алатки во судството, објавена на македонски и на англиски јазик, која е основа за почнување на процесот на дигитализација во судството. Од 2021 до 2023 година, била заменик-претседател во Советот на ИКТ во правосудството..

**4. Презентирање научни резултати, предавања, симпозиуми, раководење или учество во организациски и научни комитети.**

Проф. Лажетиќ учествувала со свои реферати во форма на пленарни излагања на повеќе од 150 научни конференции во земјата и во странство, како што се посебно учеството во активностите на меѓународната мрежа на правни факултети Rotterdam Law Network, учеството како национален експерт предавач на повеќе од 20 меѓународни конференции и како гостин предавач на повеќе научни курсеви и летни школи во странство. Проф. Лажетиќ била и шеф на македонска делегација на конференција во Пекинг, Кина, за Cybercrime and Financial Crime во 2019 година. Импресивен е бројот на презентации на меѓународни собири: Children Rights and Journalism, UNICEF – Dublin Institute of Technology (DIT), 5.02.2010, Bucharest, Romania; "New perspectives of Legal Education in Europe", Меѓународна конференција за високото образование, Deutscher Akademisher Austausch Dienst (DAAD) - German Rectors' Conference (HRK), 18-19 March 2010, Berlin, Germany; Master studies in Europe, Rotterdam Law Network, Lisbon, 15-17.4.2010; Rotterdam Law Network, Istanbul, Turkey, 19-22 May 2011; Restorative justice, First Project Conference, May 2012, Greifswald, Germany; Prevention of Juvenile Deliquency on Local Level, EU and UNICEF supported conference on the role of municipalities in preventing juvenile delinquency, March, 2012; Restorative Justice and Mediation in Penal Matters in Europe, International Conference, The Department of Criminology, University of Greifswald and the Faculty of Law, University of Gdańsk, Sponsored by the European Commission and the University of Greifswald, JUST/2010/JPEN/AG/1525, 9-12 May 2013, Gdańsk, Poland; "Simplified forms of procedure in criminal matters – regional criminal procedure legislation and experiences in application", Regional conference, Belgrade, hotel "Falkensteiner", 20-21 June 2013, OSCE, Mission to Serbia; Presentation of the Max Planck Partner Group, Zagreb Faculty of Law & Max Planck Institute for Foreign and International Criminal Law in Freiburg, Zagreb Faculty of Law, Croatia, 28-29 June 2013; Оптужење и ЗКП Македоније (законска решења и досадашња искуства у њиховој примени, LIV Редовно годишње саветовање Српског удружења за кривичноправну теорију и праксу, Оптужење и други кривичноправни инструменти државне реакције на криминалитет, Златибор, 18-20.09.2014; Juvenile justice system in Macedonia, 4th Symposium of French/Macedonian Comparative Law: The Minors, Faculty of Law "Iustinianus Primus" Skopje, 9 December 2014; Defence challenges in terms of "*equality of arms*" before international courts, "National vs. International Criminal Adjudication - Shadow on the Wall?", 7th International Spring Course "Crime Prevention through Criminal Law & Security Studies", Inter-University-Centre (IUC), Dubrovnik, 23-27 March 2015; "European Criminal Procedure Law in Service of Protection of European Union Financial Interests: State of Play and Challenges" - Hercule III Programme, Dubrovnik, Croatia, 15/16 May 2015; Imprisonment in Macedonia, 2ndAnnual Conference of the Max Planck Partner Group for Balkan Criminology, „Imprisonment in the Balkans", 17th-19th September 2015, Sarajevo, Bosnia and Hercegovina; Reforma krivičnog procesnog zakonodavstva Makedonije i sistem pravnih lekova (zakon i praksa), Регионална конференција: Pravni lekovi u krivičnom postupku, Beograd, 10.06.2016; Violent crime in Macedonia, 3rd Annual Conference of the Max Planck Partner Group for „Violence in the

Balkans", The Max-Planck Institute for Foreign and International Criminal Law, the Max Planck Partner Group for Balkan Criminology of the University of Zagreb - Faculty of Law & the University of Bucharest – Faculty of Law, 1st – 4th September 2016, Bucharest, Romania; The Future of Teaching Graduates, International Conference, SEE EU, Cluster of Excellence in European and International Law, DAAD, Europa Institute, Saarland University, Saarbrücken, 1-3 February 2017; Linking prison statistics to the criminal justice system, Meeting of experts of the LINCS project, Council of Europe, Strasbourg, $16^{th}$–$17^{th}$ April 2018; Risk Factors for Recidivism of Children in Conflict with the Law, Balkan Criminology, One-Week International Intensive Course, Dubrovnik, Croatia, 21-26 October 2018; Practitioners' Note – Focus Group Meeting, The international institute for justice and the rule of law, Promoting of the Neuchatel Memorandum on Juvenile Justice Offender in the context of the fight against terrorism at the Global Anti-Terrorism Forum (GTFC), 25-27 March, Malta, 2019; Integration of the EPPO in the national criminal justice systems: institutional, procedural and cooperative challenges, Hrvatsko udruženje za kaznene znanosti i praksu i OLAF, Zagreb, Croatia, 11-12.04.2019; Linking International Statistics (LINCS): SPACE and the European Sourcebook, Meeting of the Network of national correspondents, Council of Europe, Strasbourg, 3-4.06.2019; Workshop on the Future of Network of Associations for European Criminal Law and for the Protection of the Financial Interests of the EU, 16 September 2019, Brussels, Belgium; Cybercrime and Financial Crime, the Tenth Session of the International Forum on Crime and Criminal Law in the Global Era, China University of Political Science and Law, 30.11.-01.12.2019, Beijing, China; Легислативни рамки за судења од далечина, online меѓународна конференција на тема „Онлајн-судењата во време на пандемјата на ковид-19: легислативни и информатички пречки и предизвици", ЗКПКМ, Амбасада на САД, CEELI Институт и Академијата за судии и јавни обвинители, платформа ZOOM for Government, 11 декември 2020 година; Online launch of the HELP course on Radicalisation Prevention in North Macedonia, својство на локален тутор, Council of Europe 03 February 2021; An overview of the legal framework in regard commercial sexual exploitation of children in North Macedonia, for the need of the Study: Preventing Vulnerability Of And Strengthening Policy Responses For Commercial Sexual Exploitation Of Children In The Western Balkans, Local Researcher, 15-30.03.2021.

Нејзиното учество на уште поголем број домашни собири го претставува несопирливиот активизам и творечка енергија на проф. Лажетиќ, поттикнати од аспирацијата не само да се создаваат теоретски трудови, туку сопствените научни согледби да се пренесуваат, конфронтираат, развиваат, во отворена комуникација со научната и стручната средина на која таа ѝ припаѓа.

**5. Учество во редакциски и научни одбори на списанија, рецензии, уредувачка дејност на изданија.**

Проф. Лажетиќ е Advisory editor во изданијата на Springer, Член на Организациониот одбор за организирање на Европскиот конгрес за криминологија, EUROCRIM 2027, што ќе се одржи во Скопје во септември 2027 година во коорганизација со Правниот факултет при УКЛО во Битола и МАНУ. Членство во одбори на странски списанија: Member of the International Editorial Board of the Scientific and professional journal in the field of theory and practice of forensic evidence "Vještak", Centar za vještačenje

“Zenit”, Banja Luka, Bosna i Hercegovina; Advisory Board Member of the European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice; Member of the Editorial Board, Ceza Hukuku ve Kriminoloji Dergisi-Journal of Penal Law and Criminology; член на Меѓународен уредувачки одбор на Revija za kriminologiju i krivično pravo, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd;

Членство во одбори на домашни списанија: член на Меѓународниот уредувачки одбор на „Македонска ревија за казнено право и криминологија", Здружение за кривично право и криминологија на Македонија; член на Уредувачкиот одбор на електронското списание Iustinianus Primus Law Review, Правен факултет „Јустинијан први", Скопје; член на Меѓународниот програмски одбор, Societas et Scientia, МАНУ – Центар за стратегиски истражувања; член на Меѓународниот уредувачки одбор на списанието „Безбедност", Факултет за безбедност – Скопје, од февруари 2019.

Проф. Лажетиќ била член на уредавачките одбор на зборниците што ги има објавено Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. Панта Марина, проф. Фрањо Бачиќ и проф. д-р Никола Матовски.

Проф. Лажетиќ, во периодот од 2017 до 2021 година, во својство на директор на Мрежата на правните факултети – The South East European Law School Network (SEELS), беше главен и одговорен уредник на списанието SEE Law Journal.

**II. Образовно-педагошка дејност и подготовка на кадри**

**1. Наставни активности**

Проф. Лажетиќ предава на прв и на втор циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на три студиски програми: правни студии, односи со јавност и на студиите по новинарство.

На годишно ниво, нејзината наставна дејност на прв и на втор циклус е структурирана на следниов начин: На првиот циклус на студии, на студиска програма Правни студии го предава задолжителниот предмет – Казнено процесно право со вкупен фонд на часови 37,5; на студиска програма Односи со јавноста и на студиската програма Студии по новинарство, го предава изборниот предмет Медиумите и правата на децата со вкупен фонд на часови по 52,5 на секоја одделна студиска програма. На вториот циклус студии на студиската програрама Правни студии со вкупен фонд на часови 196, ги предава следниве задолжителни предмети – Малолетничко казнено право, Криминологија, Казнено процесно право – применета програма и Антикорупциско право; од изборните предмети со вкупен фонд од 111 часови, предава: Пенологија, Посебни казнени постапки, Криминалистика и Компаративно казнено процесно право; во рамките на опционите предмети со вкупен фонд на часови од 294, предава: Виктимологија, Социјална патологија и Права на деца и медиуми. На вториот циклус на студиската програма по новинарство, предава два задолжителни предмети со вкупен фонд на часови од 39,5: Основи на кривична постапка и Криминологија и пенологија, а од изборните со фонд на часови од 26.5 предава Медиумите и правата на децата. На студиската програма Односи со јавноста го предава изборниот предмет Медиумите и правата на децата со вкупен фонд на часови 26,5.

На третиот циклус првпат е акредитирана за ментор во 2011 година, а во меѓувреме била реакредтирана во 2015 година на студиската програма Правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Наставата на третиот циклус се одвива како менторска настава.

На Филозофски факултет при УКИМ, проф. Лажетиќ е вклучена во настава на вториот циклус на мастер студиите по Малолетничка делинквенција.

Проф. Лажетиќ е копридвижник на неколку нови научни и наставни дисциплини, што денеска се вклучени во програмите на правните студии во земјата: компаративно казнено процесно право, посебни казнени постапки, детска правда, антикорупциско право, прекршочно право и прекршочна постапка, казнено процесно право – применета настава и правна клиника по казнено процесно право и антикорупциска клиника.

**2. Универзитетски учебници**

Податоците за објавените универзитетски учебници се наведени во точка 1 од оваа Рецензија, односно во оддел II од Билбиографијата во прилог.

Проф. Лажетиќ била рецензент и на неколку универзитетски учебници и монографии: Коментар на законот за заштита на сведоците – Упатства за примена на Законот и меѓународни документи, Н. Прокопенко/Д. Целевски, Здружение на јавните обвинители на Република Македонија, Скопје, 2005; „Спорт и право“, И. Анастасовски и Л. Нанев – универзитетски учебник на Факултетот за физичка култура при УКИМ, 2011; „Спорт во општество – ставови и предлози“, И. Анастасовски, Л. Алексовска Величковска, Т. Стојаноска Иванова, Л. Нанев, Факултет за физичко образование, спорт и здравје, Геостратешки институт Глобал, Скопје, 2014; „Административна, управно-судска и казнено правна заштита на правата од индустриска сопственст“, Б. Давитковски, А. Павловска – Данева, Н. Тупанчески, учебник за втор циклус студии објавен во рамките на: Tempus project 144582, Regional Joint Degree Master of Intelectual Property Law, Скопје, 2012; Судско право – универзитетски учебник, акад. В. Камбовски, Б. Мисоски, Д. Илиќ Димоски, 2021 година; Ogledi o pravu i pravdi u dvije Evrope – putevi i stranputice europskog kaznenog prava od Strasbourga do Bruxellesa, D.Derenčinović, Narodne novine, Zagreb, 2021; Административни процедури – универзитетски учебник (во печат).

**3. Менторства и развој на научни кадри**

Проф. Лажетиќ била ментор за изработка на магистерска работа на повеќе од 150 магистранди, а учествувала во повеќе од 350 комисии за оцена и одбрана на магистерска работа, била ментор на 14 докторанди, а учествувала во 30 комисии за оцена и обрана на докторска дисертација.

Таа била член на рецензентски комисии за избор на помладите колеги на Правниот факултет „Јустинијан Први“, но и на други универзитети: Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип; Воената академија во Скопје; Правен факултет при Државниот универзитет во Тетово.

Нејзиното настојување за воспоставување линк помеѓу теоријата и практиката како битни елементи на правничкото образование со вклучување на студентите во процеси кои

ќе им овозможат стекнување нови знаења и вештини доведува до тоа проф. Лажетиќ да се јави како иницијатор за воспоставување правна клиника по казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Скопје. Воедно, поаѓајќи од распространетоста на корупцијата, нејзиното отежнато откривање и документирање, проф. Лажетиќ е иницијатор за воспоставување на правна клиника за антикорупција на Правниот факутет „Јустинијан Први“ во Скопје, финансиски поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како резултат на што како коавтор учествува во изработка на курикулум за антикорупциско право и објавување на универзитетскиот учебник „Антикорупциско право“ за втор циклус на студиите.

Исто така, проф. Лажетиќ е вклучена во активностите на Академијата за судии и јавни обвинители од самото нејзино основање како предавач, во два мандата (2019 – 2021; 2021 – 2023) била член на Програмскиот совет. Како национален експерт таа била на студиски престој во Европскиот центар за судии и адвокати во Луксембург – Development of leadership and management capacity of the Court Presidents and Chiefs Prosecutors. Improving team efficiency, Luxembourg Technical Assistance Programme for the Republic of North Macedonia, “Preparing to meet the requirements of Chapter 23 – Strengthening the Judiciary”, EIPA Luxembourg – European Centre for Judges and Lawyers, Luxembourg, 22-24 October 2019.

## III. Научно-организациска дејност и акивности во други тела

Проф. Лажетиќ е исклучително активна и посветена на подигање на квалитетот на наставно-образовната и научната дејност на УКИМ, посебно со успешно остварување на своите ангажмани на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и во телата на УКИМ. На Правниот факултет била продекан за финансии во периодот 2008 – 2021 година, а во периодот 2012 – 2014 била продекан за наука. Таа била раководител на Катедрата по казнено-процесно право во периодот 2016 – 2021 година. Во 2021 година, била избрана за раководител на Институтот по казнено право и криминологија и реизбрана во 2024 година, а за целиот тој период е член на Деканатската управа на Факултетот. Во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, проф. Лажетиќ била член на Универзитетскиот сенат во периодот 2016 – 2020 година, а од април 2025 година од страна на Сенатот на УКИМ е избрана за лице овластено за прием на пријави за корупција.

Од 2021 година е член на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, предложена од Интеруниверзитетската конференција, а од јуни 2023 година е избрана за претседател на Националниот совет, во чии рамки остварила исклучително значајни и одговорни задачи на планот на подигање на капацитетите на ова тело, кое има клучно значење за подигање на квалитетот на високото образование

Во рамките на експертската и советодавната дејност и влијанието врз креирањето на политиките во областа на науките и уметностите, проф. Лажетиќ во периодот од 2011 година повеќепати била член на Советот за реформите во правосудниот сектор; во два наврата била член на Државниот совет за превенција на малолетничката деликвенција избрана од страна на Собранието на Република Северна Македонија, а во периодот од 18.6.2019 до 14.2.2023 година била и негов претседател. Учествувала во над 20 комисии за подготвување на законски текстови. Проф. Лажетиќ била член на Одборот за доделување

на државната награда „11 Октомври", а од 2024 година таа е член на Националното координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето и развојот во Министерството за образование и наука.

## IV. Членство во научни организации, награди и одликувања

Проф. Лажетиќ членувала и членува во повеќе меѓународни организации, од кои најзначајни се: European Society of Criminology 2014 – 2018; Max Planck Partner Group for Balkan Criminology; Manager of the Centre for The South East European Law School Network (SEELS), од април 2017; и Мрежата на правните факултети од Југоисточна Европа – The South East European Law School Network (SEELS), основана со поддршка на ГИЗ. Активно соработува со голем број граѓански организации во државата и повеќе од две децении е мошне активен член на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, во 2019 година е избрана за претседател на Здружението. Член е на Македонското пенолошко друштво.

Во два мандата (2019 – 2021; 2021 – 2023) е член на Програмскиот совет на Академијата за едукација на судии и јавни обвинители.

За посветеноста на образованието и менторирањето на студентите и за нејзиниот исклучителен придонес за владеењето на правото во однос на обуката на претставниците од правосудството, проф. Лажетиќ има добиено две награди од Амбасадата на САД во Македонија: Ambassador's Award for Women in Mentoring, For exemplary provision of guidance and mentorship to students and community members и Ambassador's Award for Rule of law, For outstanding contributions to the Rule of Law by teaching for Criminal Procedure Code to colleagues throughout the Republic of Macedonia.

## V. Финални оцени за научниот придонес на кандидатката и нејзиниот научен и личен хабитус

Врз основа на анализата на био-библиографските податоци и моите непосредни сознанија, формирани низ повеќедецениската соработка со проф. Лажетиќ, слободен сум да ги формулирам следниве финални оцени:

1. Проф. д-р Гордана Лажетиќ ги исполнува сите формални критериуми за избор за дописен член на МАНУ, утврдени со Законот за МАНУ и внатрешните прописи на Академијата.

2. Научниот опус на проф. Лажетиќ, олицетворен низ импресивниот број монографии, статии и други научни прилози, влегува во самиот врв на македонската правна наука, посебно во казненоправната област како нејзин најсензитивен и најкомплексен дел. Нејзината фокусираност на правнот систем, судството, системот на казнената правда, владеењето на правото и заштитата на човековите слободи и права се одликува со исклучителна научна ригорозност и конзистентност во мултидимензионалното и мултифакторско експлорирање на општествената активност во сузбивањето на криминалот и остварувањето на постулатите на слободата, правдата и другите правни вредности. Значењето на научниот придонес на проф. Лажетиќ во тие клучни сфери на опстојот и развојот

на македонското општество е нагласен со сознанието дека без силно влијание на науката како објективен и независен промотор на проширувањето на социјалниот и државноправниот простор за тие вредности, тоа останува во состојба на продолжена стагнација и назадување. Општа одлика на истрајниот и докрајно посветен ангажман на проф. Лажетиќ во справувањето со сите отворени проблеми во полето на нејзиниот научен интерес е доследното придржување кон објективниот, критичен, аргументиран и секогаш иновативен пристап не само кон градењето на парадигматична рамка, туку и кон конкретни теоретски добро осмислени поставки и предлози на решенија. Проф. Лажетиќ е упорен застапник на стојалиштето дека правната наука е *ars poetica* од посебен вид – збор (или запис), но зад кој, за разлика од други записи, стои потребата од реско разграничување на правото од неправото и неправденото, проследено со државна принуда, и дека одговорноста за неговото срочување и изрекување е многукратно поголема од која било друга говорна порака. Како исклучително сериозен научник, проф. Лажетиќ се одликува токму со извонредна научна строгост во формулирањето на своите научни ставови или предлагањето на решенија кои пледираат на законска инкорпорација, согласно со врвниот постулат на науката, на чиешто рамниште човековото знаење се издигнува само ако своите судови ги формулира како рационални закони.

3. Со своите научни трудови објавени во странски списанија со фактор на влијание, проекти работени со странски партнери или за странски партнери, учество на меѓународни конференции и други активности, проф. Лажетиќ има воспоставено широка меѓународна комуникација и е позната и призната во меѓународна рамка како еден од водечките научници во својата област од нашата земја. На тој начин, таа го исполнува и формалниот услов на остварување придонес кон светската наука, иако, во суштинска смисла, придонесот кон развојот на домашната правна мисла и нејзиното влијание врз развитокот на домашниот правен поредок врз универзалните постулати на правдата и природните човекови слободи и права е вистински придонес и кон светската правна мисла.

4. Проф. Лажетиќ ја развивала својата наставно-образовна и научно-истражувачка дејност низ непрекинатата потрага по спојот помеѓу правната теорија и правната практика, согласно со старата латинска изрека Teoria sine praxis sicut rota sine axis, praxis sine theoria sicut caecus in via. Таа определба е изразена низ нејзините активности во промовирањето на правни клиники, анализи на судската пратика конкретни насоки, коментари итн., а на општо ниво низ особено активно учество во креирањето на правната политика низ учеството во подготовка на стратегиски документи и, посебно, подготвување закони од казненоправата област и судството. Со тоа, таа е афирмирана како признат експерт на чиишто мислења и ставови може да се потпираат институциите на државата во креирањето на политиките, донесувањето и примената на законите.

5. Конечно, но во суштина на прво место, проф. Лажетиќ поседува извонреден хабитус на чесна, совесна и одговорна личност, посветена целосно на својата

научноистражувачка и наставно-образовна дејност како животен позив и мисија. Се одликува, исто така, со извонредно развиена емпатија, не само во обичната животна комуникација, туку и во соработката со своите колеги, студентите, судиите и другите припадници на правната професија, медиумите итн. Подготвена секогаш да ги брани своите стојалишта со аргументи и на разложен начин, грубоста, омразата, нетолеранцијата и сличните манифестни форми на комуникација, толку присутни денес, на проф. Лажетиќ ѝ се едноставно туѓи. Со нејзиниот избор за дописен член, Одделението за општествени науки и МАНУ ќе добијат еден исклучително работлив, кооперативен, достоинствен и угледен член во општеството и во универзитетските кругови.

Врз основа на изложените оцени,

Ми причинува посебна чест да му предложам на Одделението за општествени науки проф. д-р Гордана Лажетиќ да биде утврдена како кандидат пред Собранието на МАНУ за избор за дописен член на Академијата.

**Скопје, 4.8.2025 година**

**Рецензент:**

**акад. Владо Камбовски**

**До**
**Одделението за општествени науки**
**на Македонската академија на науките и уметностите**

**Од проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова,**
**редовен професор, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ**

**Рецензија за избор на проф. д-р Гордана Лажетиќ**
**за дописен член на МАНУ**
**во Одделението за општествени науки**

1. **Биографски податоци**

Проф. д-р Гордана Лажетиќ е родена на 22 јуни 1971 година, во Скопје. Дипломирала на Правниот факултет во Скопје, во 1993 година, со среден успех 9,50. Во 1998 година го одбранила магистерскиот труд од областа на казненото процесно право под наслов „Судење во разумен рок“, здобивајќи се со научен степен магистер на кривичноправните науки. Од 1994 до 1996 година била судски приправник во Основниот суд Скопје I Скопје, во Окружниот суд во Скопје и во Врховниот суд. Од 1995 година била ангажирана како демонстратор на Институтот по казнено право и криминологија на Правниот факултет во Скопје. Остварила студиски престој на Институтот „Макс Планк“, за странско и меѓународно кривично право, во Фрајбург ин Брајзгау, Германија. Во 2001 година, на Правниот факултет во Скопје, ја одбранила докторската теза под наслов „Алтернативи за затворот“ и се здобила со научен степен доктор на кривичноправни науки. Во 2003 година е избрана за доцент на научната област казнено процесно право, на Правниот факултет во Скопје, а во 2007 година, за вонреден професор во истата област. Од 2008 до 2014 година била продекан на Факултетот. За редовен професор на Правниот факултет е избрана во 2012 година, а реизбрана во 2017 година. Акредитирана е за ментор на докторските студии во полето на правните науки, во 2011 година, и реакредитирана, во 2015 година. Во периодот од 2016 до 2020 година, проф. Лажетиќ е член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2021 година е избрана за раководител на Институтот за казнено право и криминологија на Правниот факултет во Скопје, а реизбрана е на истата функција во 2024 година, со мандат до 2027 година. Во април 2025 година, проф. Лажетиќ е избрана од страна на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за лице одговорно за прием на пријави за корупција. Во јуни 2021 година, проф. д-р Гордана Лажетиќ, по предлог на Интеруниверзитетската конференција, е избрана за член на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Во периодот од јуни 2023 до јуни 2025 година била претседателка на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност.

## 2. Научноистражувачка и научноапликативна (применета) дејност

### 2.1 Објавени монографии, учебници, прирачници и други посебни изданија

Проф. д-р Гордана Лажетиќ објавила 61 монографија, учебници, прирачници и брошури, 10 научни публикации во списанија со фактор на влијание и 11 поглавја во книги издадени во странство, објавени на англиски јазик, од реномирани светски издавачи како што се: *Данкер и Хаблоѿ* (*Duncker & Humblot*), *Сӣрингер* (*Springer*), *Руѿлиџ* (*Routledge*), *Лексинѓѿон букс* (*Lexington Books*) и други. Дел од нив се објавени во коавторство со други автори.

Објавените трудови се доказ за научниот интерес на проф. Лажетиќ во повеќе области, како што се: казненото право, европското казнено право, судското право, правдата за деца, антикорупциското право, криминологијата, пенологијата, меѓународното казнено право, виктимологијата и др.

Како коавтор на научните коментари на Законот за кривична постапка и Законот за правда за децата, таа дава сериозен придонес кон спојувањето на теоретската мисла и практичната примена на законите креирајќи јасни толкувања и насоки за имплементација на нормите. Во таа насока се движат и низа други трудови од нејзиниот богат научен опус кои се однесуваат на имплементацијата на позитивното законодавство. Такви се научните анализи, прирачници и сл., кои се дел од проекти кои се спроведуваат со поддршка на меѓународни организации и странски донатори.

Научниот ангажман на проф. Лажетиќ има и стручноапликативна димензија, која се огледа и преку различните стратегии, материјали за обуки и слични трудови од огромна важност за практиката.

### 2.2 Статии објавени во домашни и странски списанија

Проф. д-р Гордана Лажетиќ има објавено вкупно 125 статии и, дополнително, 12 во списанија со фактор на влијание (*Web of Science, SCImago Journal Rank, CEON Web of Science Impact Factor*), над триесет статии во странски списанија и над деведесет во домашни списанија и зборници со меѓународен уредувачки одбор.

Во фокусот на нејзиниот научен интерес се мноштво теми како што се, на пример, правата на затворениците, процесните права и гаранции на обвинетите, прашањата на детското престапништво, алтернативните мерки, реформата на казненото процесно право, реформите во правосудството, владеењето на правото и други. Проф. Лажетиќ е една од креаторите на новиот систем на казнена постапка, како и меѓу првите промотори на воведувањето на алтернативите за затворот кај нас. Преку сериозни компаративни анализи, правни аргументации и издржани критики, проф. Лажетиќ дава значаен придонес во развојот на македонската правна мисла.

### 2.3 Учество на конференции, симпозиуми и дискусии

Проф. д-р Гордана Лажетиќ учествувала со свои излагања и со реферати на над 130 научни и стручни конференции, тркалезни маси, летни школи, во земјата и во странство, како на пример, на Меѓународната мрежа на правни факултети *Rotterdam Law Network*, на конференција во Пекинг, Кина, за *Cybercrime and Financial Crime*, на меѓународните собири: *Children Rights and Journalism*, UNICEF – *Dublin Institute of Technology* (DIT), во Букурешт, Романија; Меѓународната конференција за високото образование, *Deutscher Akademisher Austausch Dienst* (DAAD) – *German Rectors' Conference* (HRK), *Restorative justice, First Project Conference*, во Грифсвалд, Германија; *Prevention of Juvenile Deliquency on Local Level*, Конференција поддржана од ЕУ и УНИЦЕФ за улогата на општините во спречувањето на малолетничката деликвенција (*EU and UNICEF supported conference on the role of municipalities in preventing juvenile delinquency*); *Restorative Justice and Mediation in Penal Matters in Europe*, Меѓународна конференција, Оддел за криминологија, Универзитет во Грифсвалд и Правен факултет, Универзитет во Гдањск (*International Conference, The Department of Criminology, University of Greifswald and the Faculty of Law, University of Gdańsk*), *Simplified forms of procedure in criminal matters – regional criminal procedure legislation and experiences in application*, Регионална конференција, во Белград, во хотел „Фалкенштајнер" ("Falkensteiner"), ОБСЕ-мисија во Србија (OSCE, Mission to Serbia); Презентација на Групата за партнерство на „Макс Планк" (Presentation of the Max Planck Partner Group), Правниот факултет во Загреб (Zagreb Faculty of Law) и Институтот „Макс Планк" за надворешно и меѓународно кривично право во Фрибург, Правен факултет во Загреб (Max Planck Institute for Foreign and International Criminal Law in Freiburg, Zagreb Faculty of Law); 7. меѓународен пролетен курс (7th International Spring Course) *Crime Prevention through Criminal Law & Security Studies*, Интеруниверзитетски центар (Inter-University-Centre (IUC)), во Дубровник; *European Criminal Procedure Law in Service of Protection of European Union Financial Interests: State of Play and Challenges* – Програма „Херкул III" (Hercule III Programme), во Дубровник, Хрватска итн. (в. листа на учество на конференции во Библиографијата).

Ова е сериозен показател за неуморниот дух и за постојаната професионална активност на проф. Лажетиќ во правничките дискусии, дебати и во споделувањето на сознанијата и искуствата со колегите од земјата и од странство, во функција на подобрување на размената на добри практики и на унапредувањето на казненоправната наука.

### 2.4 Учество во научноистражувачки проекти

Во областа на научноистражувачката дејност, проф. д-р Гордана Лажетиќ бележи учество во стотина национални и меѓународни проекти како раководител, координатор или како истражувач, и тоа проекти кои биле поддржани од: Европската Унија, Советот на Европа, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, УНИЦЕФ, УНДП, UNODC, УНХЦР, Германската фондација за меѓународна соработка (GIZ), Глобалната иницијатива против

транснационален организиран криминал (Global Initiative Against Transnational Organized Crime), Амбасадата на САД, Британската амбасада и Амбасадата на Кралството Холандија, и во програмите: *HERCUL III, ERASMUS, TEMPUS, IPA, EuropeAID, TAIEX, INTERREG EUROPE* и други, меѓу кои се издвојуваат: *Eliminating the obstacles for practical implementation of conditional sentence with protective supervision (as Macedonian kind of probation)*, финансирано од Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија, февруари – јули 2002 г.; *Trial monitoring network "All for Fair Trials"*, носители: ОБСЕ, Правен факултет во Скопје и невладини организации од Македонија; (координатор) *The Triangle: Three Universities responding to ethnic divides*, носители: *CARE-International* и Институтот за социјални студии (Institute of Social Studies) во Хаг, Холандија, во периодот јули 2003 – јули 2004; (национален експерт) *Restorative Justice in Penal Matters in Europe*, финансиски поддржано од Посебната програма на Европската комисија (funded by the European Commission's Specific Program) "Criminal Justice 2007 – 2013", јули 2011 г. – јули 2013 г.; (координатор) *International Survey on Crime and Justice for University Students, Faculty of Criminal Justice and Security*, Универзитет во Марибор, Словенија, 2012 – 2013; *National Consultant for development of a policy recommendation on training and educational opportunities in penitentiary-correctional institutions*, УНДП, јули – септември 2019 г.; (национален советник) *Assessment of the asset recovery legal framework, Combating Illicit Financial Flows in the Western Balkans, Global Programme in the GIZ Section Governance*, Човекови права (Human Rights), GIZ , Министерство за надворешни работи на Норвешка И Германско федерално министерство за економска соработка и развој/The Norwegian Ministry of Foreign Affairs & German Federal Ministry for Economic Cooperation and Development (BMZ), јули – декември 2020 г.; (домашен консултант) *National Strategy for strengthening financial investigations and asset recovery for 2021 – 2023 and developing specific action plans*, GIZ, 2021 г. и др. (в. во листата во приложената библиографија).

Со ваквиот активизам, проф. Лажетиќ јасно го демонстрира својот научен и стручноапликативен капацитет како еминентен екперт по казнено право.

**2.5 Членство во здруженија и учество во редакциски и научни одбори на списанија, рецензии и сл.**

Проф. д-р Гордана Лажетиќ беше претседател на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија во два мандати, во чии рамки се издава Македонската ревија за казнено право и криминологија, и еден од иницијаторите за основање на Македонското пенолошко друштво, во 2018 година, како научно и стручно здружение, со цел да дава придонес во унапредувањето на системот за извршување на санкциите.

Од 2021 година до 2023 година била заменик-претседател во Советот на ИКТ во правосудството.

Проф. Лажетиќ е советодавен уредник (advisory editor) во изданијата на *Сӣрингер* (*Springer*) и член на Организацискиот одбор на Европскиот конгрес за криминологија,

*EUROCRIM 2027*, што ќе се одржи во Скопје, во септември 2027 година, во коорганизација на Правниот факултет при УКЛО во Битола и МАНУ.

Член е во одборите на следните странски списанија: *International Editorial Board of the Scientific and professional journal in the field of theory and practice of forensic evidence "Vještak"*, Centar za vještačenje *Zenit*, Banja Luka, Bosna i Hercegovina; *European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice*; *Ceza Hukuku ve Kriminoloji Dergisi-Journal of Penal Law and Criminology*; *Revija za kriminologiju i krivično pravo*, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd; „Македонска ревија за казнено право и криминологија", Здружение за кривично право и криминологија на Македонија; *Iustinianus Primus Law Review*, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје; *Societas et Scientia*, МАНУ – Центар за стратегиски истражувања; член на Меѓународен уредувачки одбор на списанието „Безбедност", Факултет за безбедност – Скопје, од февруари 2019 г. и др.

Проф. Гордана Лажетиќ била член на уредавачките одбори на зборниците во чест на проф. Панта Марина, проф. Фрањо Бачиќ и проф. д-р Никола Матовски, на Правниот факултет „Јустинијан Први" Скопје, како и главен и одговорен уредник на списанието *SEE Law Journal* од 2017 до 2021 година.

## 3. Образовно-педагошка дејност и подготовка на кадри

### 3.1 Наставни активности

Проф. д-р Гордана Лажетиќ врши наставна дејност на сите три циклуси, односно предава на Прв и на Втор циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на три студиски програми: Правни студии, Односи со јавност и на Студиите по новинарство, како и на Трет циклус студии, на Студиската програма по казнено право.

На Првиот циклус студии, на студиската програма Правни студии предава по задолжителниот предмет Казнено процесно право; на студиска програма Односи со јавност и на студиската програма Студии по новинарство, предава по изборниот предмет Медиумите и правата на децата. На Втор циклус студии, на студиската програма Казнено право, предава по следниве предмети: Малолетничко казнено право, Криминологија, Казнено процесно право – применета програма, Антикорупциско право, Пенологија, Посебни казнени постапки, Криминалистика, Компаративно казнено процесно право, Виктимологија, Социјална патологија и Права на деца и медиуми. На Втор циклус студии, на Студиската програма по новинарство, предава два задолжителни предмети: Основи на кривична постапка и Криминологија и пенологија и Медиумите и правата на децата. На студиската програма Односи со јавност предава по изборниот предмет Медиумите и правата на децата.

На Филозофскиот факултет при УКИМ, проф. Лажетиќ е вклучена во наставата на Втор циклус на магистерските студии по малолетничка деликвенција.

На Трет циклус (докторски) студии, на Правниот факултет, првпат е акредитирана за ментор во 2011 година, а во меѓувреме била реакредитирана.

### 3.2 Универзитетски учебници, авторство и рецензии

Проф. Лажетиќ е коавтор на следните учебници: *Казнено процесно право*, *Компаративно казнено процесно право*, *Постапување со деца во ризик и деца во судир со законот*, *Антикорупциско право*, *Детско престапништво и правда за деца*.

Била рецензент и на неколку универзитетски учебници и монографии: *Коментар на законот за заштита на сведоците – Упатства за примена на Законот и меѓународни документи*, Н. Прокопенко/Д. Целевски, Здружение на јавните обвинители на Република Македонија, Скопје, 2005; *Спорт и право*, И. Анастасовски и Л. Нанев – универзитетски учебник на Факултетот за физичка култура при УКИМ, 2011; *Спорт во општество – ставови и предлози*, И. Анастасовски, Л. Алексовска Величковска, Т. Стојаноска Иванова, Л. Нанев, Факултет за физичко образование, спорт и здравје, Геостратешки институт *Глобал*, Скопје, 2014; *Административна, управно-судска и казненоправна заштита на правата од индустриска сопственост*, Б. Давитковски, А. Павловска-Данева, Н. Тупанчески, учебник за Втор циклус студии, објавен во рамките на: *Tempus project 144582, Regional Joint Degree Master of Intelectual Property Law*, Скопје, 2012; *Судско право – универзитетски учебник*, акад. В. Камбовски, Б. Мисоски, Д. Илиќ Димоски, 2021 година; *Ogledi o pravu i pravdi u dvije Evrope – putevi i stranputice europskog kaznenog prava od Strasbourga do Bruxellesa*, D. Derenčinović, *Narodne novine*, Zagreb, 2021; *Административни процедури* – универзитетски учебник (во печат).

### 3.3. Менторства и развој на научни кадри

Проф. Лажетиќ била ментор за изработка на магистерски трудови на повеќе од 150 магистранди, а учествувала во повеќе од 350 комисии за оцена и одбрана на магистерски работи, била ментор на 14 докторанди и учествувала во триесетина комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации.

Таа била член на рецензентски комисии за избор на помладите колеги на Правниот факултет „Јустинијан Први“, како и на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип; Воената академија во Скопје; Правниот факултет при Државниот Универзитет во Тетово.

Проф. Лажетиќ е и иницијаторка за востановување на Правната клиника по казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, како и на Правна клиника за антикорупција на Правниот факутет „Јустинијан Први“ во Скопје. Таа била и член на Програмскиот совет и предавач на Академијата за судии и јавни обвинители.

## 4. Научно-организациски и акивности во други тела, награди и признанија

Проф. д-р Гордана Лажетиќ е дел од голем број ангажмани, како на Факултетот така и во други тела и органи, со цел да се подобри наставно-образовната и научната дејност на УКИМ.

Таа била продекан за финансии, во периодот од 2008 до 2021 година, а во периодот од 2012 до 2014 година била продекан за наука. Била раководител на Катедрата по казнено-процесно право, во периодот од 2016 до 2021 година. Во 2021 година била избрана за раководител на Институтот по казнено право и реизбрана во 2024 година, а во текот на целиот тој период била член на Деканатската управа на Факултетот.

Проф. Лажетиќ била член на Универзитетскиот сенат, во периодот 2016 – 2020 година, а од април 2025 година, од страна на Сенатот на УКИМ, таа е избрана за лице овластено за прием на пријави за корупција.

Од 2021 година, таа е член на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, предложена од Интеруниверзитетската конференција, а од јуни 2023 година, избрана е за претседател на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност.

Била член на Советот за реформите во правосудниот сектор; во два наврати била избрана од Собранието на Република Северна Македонија за член на Државниот совет за превенција на детско престапништво, а во периодот од 18.6.2019 година до 14.2.2023 година, била и негов претседател.

Била член и/или претседател на голем број комисии за подготвување на закони или за нивни измени и дополнувања. Била член на Одборот за доделување на Државната награда „11 Октомври", а од 2024 година, таа е член на Националното координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето и за развојот во Министерството за образование и наука.

Проф. Лажетиќ била/е член и на: *European Society of Criminology* 2014 – 2018; *Max Planck Partner Group for Balkan Criminology*; *Manager of the Centre for The South East European Law School Network* (SEELS), од април 2017 г.; и на Мрежата на правните факултети од Југоисточна Европа/The South East European Law School Network (SEELS), основана со поддршка на ГИЗ; член на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија и на Македонското пенолошко друштво.

Добитник е на две награди од Амбасадата на САД во Македонија: *Ambassador's Award for Women in Mentoring, For exemplary provision of guidance and mentorship to students and community members*, и *Ambassador's Award for Rule of law, For outstanding contributions to the Rule of Law by teaching for Criminal Procedure Code to colleagues throughout the Republic of Macedonia.*

**5. Конечни оцени и заклучок**

Врз основа на анализата на биографските и библиографските податоци и личната соработка со проф. д-р Гордана Лажетиќ на Правниот факултет „Јустинијан Први", заедничката работа на проекти, работни групи за подготовка на законодавство итн., би сакала да истакнам дека проф. д-р Гордана Лажетиќ ги исполнува законските критериуми за избор за дописен член на МАНУ, утврдени со Законот за МАНУ и со критериумите утврдени со внатрешните прописи на МАНУ.

Импресивен е научниот опус на проф. Лажетиќ, преку кој се согледува нејзиниот значаен научен придонес во востановувањето и уредувањето на правниот систем во државата во сферата на казненото право, правосудството, правдата за деца, заштитата на човековите права итн. Проф. Лажетиќ со тоа се позиционира како значаен субјект во македонската казненоправна наука, со објективен и сериозен научен пристап и интерес. Преку учеството на меѓународни конференции, европски и меѓународни проекти и објавувањето на трудови во меѓународни списанија и книги на угледни издавачи, таа е промотор на македонската казненоправна наука и креатор на широка мрежа на меѓународна соработка во сферата на правото. Учеството во изработка на закони, стратегии, коментари и слично, дава посебен продонес во работата на практичарите во правилна имплементација на нормите. Посебна тежина и димензија на влијанието (импактот) на нејзината работа претставува и фактот дека таа е еден од реформаторите на современото казнено процесно право и на системот за правда за децата кај нас.

Како личност, проф. д-р Гордана Лажетиќ демонстрира крајна професионалност, одговорност, соработливост, љубезност и позитивен пристап, како кон колегите така и кон студентите, што ја става во кругот на угледните и омилени професори и колеги.

Врз основа на наведеното, со особена чест и задоволство му предлагам на Одделението за општествени науки при МАНУ да ја утврди проф. д-р Гордана Лажетиќ за кандидат за дописен член на МАНУ пред Собранието на Академијата.

**Скопје, 12.8.2025 година** **Рецензент,**

**проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова**